# СОДРЖИНА

*РАБОТНИ ОДНОСИ*

- **Годишен одмор...............................................................5**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Извршување на практикантска работа и практична обука и настава на ученици и студенти........................................19**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Работен однос со лице помладо од 18 години (младо лице)..............................................46**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Мај 2022 година…......................................52**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Април 2022 година.........................73**
- **Коефициент на пораст на цените за Април 2022..................74**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2022 година..............................................76**
- **Цени на гориво..............................................................78**
- **Курсни листи ..............................................................80**
- **Рокови за поднесување во Мај 2022 година.......................86**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*.......................................**88**

# *РАБОТНИ ОДНОСИ*

*дипл.економист Ромео Костадинов*

## *ГОДИШЕН ОДМОР*

***Согласно одредбите од член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" 52/91...107/05), секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор.***

### *ВОВЕД*

Согласно Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" 62/05…267/20; 251/21; 288/21), работникот има право на годишен одmop во траење од најмалку 20 работни дена, а годишниот одмор со колективен договор или договор за вработување, може да се продолжи до 26 работни дена.

Врз основа на уставното начело не е разработено во член 145 став 2 од Законот за работни односи (''Службен весник на РМ'' 267/20; 151/21; 288/21), според кој ништовна е било каква спогодба, со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор.

Законот за работни односи го регулира траењето на годишниот одмор, начинот на определување на траењето на истиот, користење на годишниот одмор, како и други прашања поврзани со истиот.

Врз основа на одредбите од член 4 од Законот за работните односи, се применува и за работниците од земја членка на ЕУ, како и претпријатие од земја која не е членка на ЕУ, за склучените договори за работа, склучени за вршење на работа на територијата на РМ.

Наведената одредба за годишен одмор се однесува и за работниците упатени на привремена работа во РМ од работодавач во земја членка на ЕУ или од земја која не е членка на ЕУ.

## *1. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Со одредбите од ЗРО се регулира правото на дневен, неделен и годишен одмор.

Работникот има право на дневен одмор во траење од најмалку 12 часа непрекинато, во текот на 24 часа.

Работникот има право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато. Ден на неделниот одмор по правило е недела, а последните измени во овој дел стапија на сила од 01.01.2022 година.

Заради објективни, технички и организациони причини, на работникот може да му се обезбеди неделен одмор, во некој друг ден во неделата.

Должината на годишниот одмор, согласно член 40 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (''Службен весник на РМ'' 150/12...150/16), се утврдува согласно:

- *Времето поминато во работен однос;*
- *Сложеноста на работите на работното место;*
- *Условите за работа;*
- *Здравствената состојба на работникот и за*
- *Работник помлад од 18 години.*

Доколку работникот го надминува максимумот по основ на наведените критериуми, има право на годишен одмор најмногу до 26 работни дена, согласно одредбите од член 137 од ЗРО и член 40 од ОКДПСОС.

Должината на годишниот одмор, стекната по основ на Здравствената состојба на работникот и за Работник помлад од 18 години, може да изнесува и повеќе од 26 работни дена.

Со колективниот договор на ниво на гранка, оддел или на ниво на работодавач, можат да се утврдат и други критериуми, со кои ќе се определува должината на траењето на годишниот одмор, а исто така може да се определи и времетраење на годишен одмор над 26 работни дена, за работниците кои работат во исклучително тешки услови за работа.

Покрај тоа, годишниот одмор е регулиран со одредбите од членот 137 од Законот за работни односи. Според истиот:

*Работникот има право на годишен одмор во траење од најмалку **20 работни дена**, а годишниот одмор со колективен договор или договор за вработување, може да се продолжи до **26 работни дена.***

Право на **уште три работни дена** годишен одмор имаат:

- повозрасен работник (**жени повозрасни од 57 години и мажи повозрасни од 59 години**),
- инвалид,
- работник со најмалку 60% телесно оштетување и
- работник кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток.

## *2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Работодавачот е должен на работникот да му издаде решение за правото на користење на годишен одмор.

Законските одредби се темелат на Конвенцијата 132 за платен годишен одмор, на Меѓународната организација на трудот (ратификувана со Законот за ратификација на Конвенцијата), која е имплементирана во нашиот правен систем.

Правото на годишен одмор му припаѓа на секој работник, кој е во работен однос и кој ги исполнува условите определени со закон. Тоа право се користи за секоја календарска година, и проследено со правото на надоместок на плата и правото за исплата на регрес за годишен одмор.

Оваа право го имаат сите работници, без оглед на тоа дали склучиле договор за работа на определено или неопределено време, дали се приправници или не, дали работат со полно работно време или пократко од полното работно време, дали работат во земјата или во странство и друго.

Траењето на годишниот одмор се определува според времето поминато во работен однос, сложеноста на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот и други критериуми утврдени со колективниот договор.

***НАПОМЕНА:*** **Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.**

### *3. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Работникот кој за првпат заснова работен однос се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа **од најмалку шест месеца кај ист работодавач**, без оглед на тоа **дали работникот работи полно работно време или пократко работно време од полното**.

Во пракса оваа законска одредба **"најмалку шест месеци непрекината работа"** понекогаш предизвикува одредени недоумици, особено ако се толкува како време изречно поминато на фактичко извршување на работите од работно место за кое е склучен договорот за вработување.

**При пресметување на времето поминато на работа, мора да се смета и времето во кое работникот не работел, односно кога одсуствувал без своја вина: болест, повреда или родителство, затоа што тоа време се смета во работен стаж.**

Според тоа, треба да се истакне дека отсуството на работникот од работа без негова вина, односно за време за кое прима надомест на плата, нема влијание врз неговото право на платен годишен одмор, ниту пак на неговото траење.

***4. ПРАВО НА ПРОПОРЦИОНАЛЕН ДЕЛ ОД ГОДИШНИОТ ОДМОР***

Работникот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор, **во вкупен износ од по два дена за секој месец работа, ако**:

- во календарската година во која склучил работен однос не се стекнал со правото на целосен годишен одмор;
- му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, по истекувањето на кој би добил право на целосен годишен одмор.

**Во првиот случај станува збор за работник кој не го исполнува условот за стекнување правото на користење годишен одмор**, определен со член 139 од Законот за работни односи, односно во календарската година во која склучил договор за работа **не остварил** непрекината работа кај истиот работодавач, **во траење од 6 месеци**.

***Пример:***

*Работникот Н.Н. засновал работен однос и стапил на работа кај работодавачот ТТ ДООЕЛ Скопје на ден 01.08.2022 година. До крајот на 2022 година, работникот работел непрекинато полни пет месеци во работен однос кај работодавачот. Поради неисполнување на условот за шест месеци непрекинато траење на работен однос кај ист работодавач, на работникот му следува пропорционален дел од годишниот одмор за 2022 година. Односно 5 месеци * 2 дена за секој месец = 10 работни дена годишен одмор.*

**Во вториот случај станува збор за ситуација кога престанува важноста на договорот за вработување**, но пред истекот на рокот за стекнување право на користење целосен годишен одмор.

***Пример:***

*Работникот А.А. засновал работен однос кај работодавачот ББ ДООЕЛ Скопје на ден 01.03.2022 година. На ден 13.06.2022 година му престанува работниот однос со потпишување Спогодба за раскинување на Договорот за работа, според член 69 од ЗРО. Работникот А.А. бил на работа кај работодавачот ББ ДООЕЛ Скопје, 3 месеца и 13 дена.*

*Работникот А.А. има право на годишен одмор во времетраење од 6 работни дена. Траењето на годишниот одмор на работникот, се определува земајќи ги во предвид само полните месеци (три месеци) помножени по 2 работни дена за секој месец. (3 месеци *2 раб. дена = 6 раб. дена годишен одмор).*

### *5. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Годишниот одмор се користи земајќи ги предвид потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, водејќи сметка за неговите семејни обврски. **Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година**.

*Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што* ***еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две работни недели.***

Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на **ДВЕ НЕПРЕКИНАТИ РАБОТНИ НЕДЕЛИ** годишен одмор, до крајот на тековната календарска година, а **остатокот до 30 јуни идната година**.

Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година, заради отсутност поради боледување или повреда, отсуство поради бременост, раѓање или мајчинство или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до **30 јуни** идната календарска година.

Работникот кој работи во странство може во целост да го искористи годишниот одмор до крајот на идната календарска година, ако е така определено со колективниот договор на работодавачот.

Ништовна е каква било спогодба со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор.

Должината и начинот на користењето на годишниот одмор во установите од областа на образованието и науката, се уредуваат со прописите од областа на образованието и науката, поради специфичноста на оваа област која подразбира посебен режим на одмарање, поврзан со законски пропишаните периоди за одмор на учениците и наставниот кадар во училиштата.

Работникот има право два дена од годишниот одмор да ги искористи, во денови коишто самиот ќе ги определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот, **најдоцна три работни дена,** пред користењето.

## *6. ПЛАЌАЊЕ НА НЕИСКОРИСТЕНИОТ ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Работникот има право на ***надоместок на неискористениот дел од годишниот одмор,*** пред престанок на работниот однос:

- *ако претходно побарал користење на годишен одмор, а не му било овозможено користење на годишен одмор*,
- *а работниот однос му престанал не по негова вина и волја.*

Работникот има право за надомест на неискористениот дел од годишен одмор само во наведениот случај. Во сите други случаеви, работникот нема право на надомест на неискористениот годишен одмор.

### *6.1. Пресметка на неискористен дел од годишен одмор*

Надоместокот за неискористен годишен одмор се утврдува во висина на просечната плата на работникот во зависност од неискористените денови на годишен одмор.

Како основица за пресметка на надоместокот за неисплатен годишен одмор, **се зема просечната плата на работникот во последните 12 месеци**, а дококу работникот во тој период **не примил плата, му припаѓа најниска плата.**

За надоместокот за неискористен годишен одмор се пресметува и плаќа Данок на личен доход, согласно член 15 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РСМ" 241/18, 275/19, 290/20, 85/21).

**ПРИМЕР:**

| | |
|---|---|
| 1. Просечно исплатена плата во последните 12 месеци | 25.000 |
| 2. Работни денови за месец | 23 |
| 3. Неискористени денови од годишен одмор | 8 |

**ПРЕСМЕТКА:**

**25.000 : 23 x 8 = 8.696 денари**

**Пресметка данок на личен доход**

**8.696 x 11,1111% = 966 денари**

**Бруто приход = Нето износ + Данок на личен доход**

**8.696 + 966 = 9.662 денари.**

Плаќањето на нето надоместокот и данокот на личен доход се врши преку е-ПДД, со тоа што во вид на приход се избира:

**Т1 – Доход од работа, а во под вид на приход се избира С1.8. - Други примања на вработени лица, кои подлежат на оданочување.**

**КНИЖЕЊЕ:** кај правното лице исплатувач на надомест за неискористен годишен одмор.

| | | |
|---|---|---|
| 4223-Регрес за годишен одмор | 9.662,00 | |
| 2422- Обврски за регрес за годишен одмор | | 8.696,00 |
| 235- Обврски за данок на личен доход | | 966,00 |

***(обврска за регрес за годишен одмор);***

| | | |
|---|---|---|
| 2422- Обврски за регрес за годишен одмор | 8.696,00 | |
| 235 Обврски за данок на личен доход | | 966,00 |
| 1000-Трансакциска сметка | | 9.662,00 |

***(исплата на регрес за годишен одмор).***

### *7. ПЛАТЕН ОДМОР*

Работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности (за склучување на брак, раѓање на дете (само за таткото) или смрт на близок роднина), до седум работни дена.

Деновите на платениот одмор се утврдуваат со колективен договор и по сите основи, не може да изнесуваат повеќе од седум работни дена и тоа:

| ПЛАТЕН ОДМОР | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ОСНОВ** | **РАБОТНИ ДЕНОВИ** |
| **1** | **за склучување на брак** | ***3 дена*** |
| **2** | **за склучување брак на дете** | ***2 дена*** |
| **3** | **за раѓање или посвојување дете** | ***2 дена*** |
| **4** | **за смрт на сопружник или дете** | ***5 дена*** |
| **5** | **за смрт на родител, брат, сестра** | ***2 дена*** |
| **6** | **за смрт на родител на сопружник** | ***2 дена*** |
| **7** | **за смрт на дедо или баба** | ***1 ден*** |
| **8** | **за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот** | ***до 3 дена*** |
| **9** | **за елементарните непогоди до** | ***7 дена*** |

## *8. НЕПЛАТЕНО ОТСУСТВО*

Работникот може да отсуствува од работа без надомест на плата и придонеси од плата, најдолго 3 месеци, во следните случаи:

- *за нега на член на семејството;*
- *за изградба или поправка на куќа, односно стан;*
- *за учество на културни и спортски приредби;*
- *за учество на конгреси, конференции и слично;*
- *за лечење на своја сметка;*
- *во други случаи, утврдени во колективен договор на ниво на гранка, односно оддел, односно на ниво на работодавач.*

Одлуката за отсуство ја донесува работодавачот или лицето кое тој ќе го определи, во согласност со потребите на процесот на работата.

## *9. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

**Глоба во износ од 3.000 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице, ако на работникот не му обезбеди пауза за време на работното време, одмор меѓу два последователни дена, неде-лен и годишен одмор, во согласност со законот и не издаде решение за годишен одмор, согласно член од 132 до156;

**Глоба во износ од 30%** од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за наведениот прекршок на одговорното лице во правното лице.

**Глоба во износ од 300 до 450 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече за наведениот прекршок на работодавач - физичко лице, согласно член 265 ст.1 т.14, ст.2, ст.3 од ЗРО.

**Прилог 1:** Пример за Барање за користење на прв дел од годишен одмор, за 2022 година.

**До: Управителот на**

**Друштво___________________**

___________________________

**Б А Р А Њ Е**

**за користење на прв дел од годишен одмор за 2022 година**

Јас, долупотпишаниот _____________________ од __________ со живеалиште на ул.___________________________________, вработен во друштво________________________________________, на работно место ___________ согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05.....151/21; 288/21), барам од Вас да ми одобрите користење на првиот дел од годишниот одмор за 2022 година, во траење од 12 работни дена.

Годишниот одмор сакам да го користам во периодот од __/__/2022 до __/__/2022 година. *(не помалку од две последователни недели).*

*Скопје,__/__/ 2022*

Работник:

_____________

**Прилог 2:** пример на Решение за прв дел на годишен одмор за 2022 година.

Врз основа на член 137 став 1 и член 141 од Законот за работните односи (''Службен весник на РМ'' 62/05...151/21; 288/21) управителот на Друштвото ________________________ Скопје, со седиште на ул. __________________, согласно планот за користење на годишен одмор, а врз основа на Барањето на работникот за користење на прв дел на годишен одмор за 2022 година, на ден ___/___2022 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

На работникот _____________ од ________ со живеалиште на ул_________________бр. ________ и ЕМБГ _____________ распореден на на работно место _____________, му се одобрува користење на првиот дел од годишниот одмор за 2022 година во траење од 12 работни дена.

Работникот има право на вкупно 22 работни дена годишен одмор за 2020 година.

На негово Барање, работникот ќе го користи првиот дел од годишниот одмор од __/__/2022 до __/__/2022 година. *(не помалку од две последователни недели).*

Вториот дел од годишниот одмор, работникот ќе го искористи најдоцна до 30.06.2023 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Работникот има право на користење на 22 работни денови годишен одмор, а траењето на годишниот одмор е определено според времето поминато во работен однос, условите за работа и други критериуми утврдени со колективниот договор и одредбите на Законот за работни односи.

**Доставено до:**

- Архива;
- Работник.

**Управител**

_______________

**Правна поука:** Работникот има право на на приговор против ова решение до управителот на друштвото, во рок од 8 дена од денот на приемот (на неговото врачување).

**Прилог 3:** Преглед табела за определеување на траењето на годишниот одмор, согласно колективните договори на ниво на гранка.

**Табела 1**

**Траење на годишен одмор по дејности**

| Р.бр | Колективен договор на гранка | Определување на траење на годишен одмор |
|---|---|---|
| 1. | Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството | Со Колективни договори на ниво на дејност |
| 2. | Општ колективен договор за јавен сектор на РМ | Со Колективни договори на ниво на дејност |
| 3. | Колективен договор за комуналните дејности | до 10 години 1 р.д.<br>од 10 до 20 години 2 р.д.<br>од 20 до 30 години 3 р.д.<br>над 30 години 4 р.д. |
| 4. | Колективен договор за угостителство | до 10 години 1 р.д.<br>од 10 до 20 2 р.д.<br>од 20 до 30 3 р.д.<br>над 30 4 р.д. |
| 5. | Колективен договор за текстилната индустрија на РМ | Со колективен договор на ниво на работодавач |
| 6. | Колективен договор за земјоделството и прехранбената индустрија | до 5 год. работен стаж до 1 р.д.<br>од 6 до 10 до 3 р.д.<br>од 11 до 15 до 4 р.д.<br>од 16 до 20 до 5 р.д.<br>над 20 до 6 р.д. |
| 7. | Колективен договор за вработените од тутунското стопанство | до 10 години 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Колективен договор за кожарска и чевларска индустрија | Со колективен договор на ниво на работодавач |
| 9.. | Колективен договор за дејноста хемиска индустрија | до 5 години 9 р.д.<br>од 6 до 10 10 р.д.<br>од 11 до 15 11 р.д.<br>од 16 до 20 12 р.д.<br>од 21 до 25 13 р.д.<br>над 25 14 р.д. |
| 10. | Колективен договор за вработените во градежнишната индустрија | до 10 години 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |
| 11. | Колективен договор за дејноста сообраќај | до 10 години 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |
| 12. | Колективен договор за основното образование во Република Македонија | од 1 до 10 години 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д. |
| 13. | Колективен договор за средното образование во Република Македонија | од 1 до 10 години 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д. |
| 14. | Колективен договор за социјална заштита | од 1 до 10 години 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д |
| 15. | Колективен договор за министерство за внатрешни работи | од 2 до 8 години 1 р.д.<br>од 8 до 15 2 р.д.<br>од 15 до 20 4 р.д.<br>над 20 6 р.д. |

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА И ПРАКТИЧНА ОБУКА И НАСТАВА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ

***Правото за извршување на практикантска работа е регулирано согласно Законот за практикантство („Службен весник на РМ" 98/19), а извршување на практични обуки на ученици и студенти е регулирано согласно Законот за стручно образование и обука („Службен весник на РМ" 71/06...55/16).***

### *ВОВЕД*

Со Закон за практиканство, (*во продолжение ЗП*), се овозможува непречено стекнување на практично искуство на невработените лица, зголемување на нивните вештини и полесно вклучување на пазарот на трудот и создавање на можности и услови на работодавачот за вработување на лица со практично искуство, кои имаат одредени вештини и знаења за одредени работи и работни задачи.

Со Законот за Стручно образование и обука, се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука, кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини, неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

Бидејки постои разлика во начинот на извршување на практиканска работи, и практична обука на ученици и студенти во практиката често разликата во начинот на спроведувањето на истите не е соодветна на регулативата.

## *1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

**Практикантство** е работна активност којашто вклучува компонента на работа преку учење и здобивање на практични работни вештини, која се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практично и професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преодот кон редовно вработување.

**Под практикантство, не се подразбира**:

- ✓ ***Вршење на приправнички стаж,***
- ✓ ***Волонтерски стаж и Пробна работа, согласно Законот за работните односи, како и***
- ✓ ***Обука, преквалификација и доквалификација, согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.***

### *1.1. Услови за вршење на практиканска работа*

Согласно член 3 од ЗП, практикантот, треба да ги исполнува следните услови:

- **да не е во работен однос;**
- **да не е постар од 34 години и**
- **да има завршено НАЈМАЛКУ ОСНОВНО образование.**

**Практикант** е физичко лице кое обавува работна пракса кај работодавачот, со цел да се стекне со практични знаења и вештини, што ќе му помогнат да ја подобри вработливоста на пазарот на трудот.

Практикант согласно Законот, може да биде секое физичко лице државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува условите утврдени со Законот.

Практиканти може да ангажира **работодавач,** кој вработува работници, врз основа на Договор за вработување и тоа:

- ➢ **Правно и физичко лице, како и**
- ➢ **Друг субјект:**
  *Орган на државна власт,*
  *Орган на единица на локалната самоуправа,*
  *Подружница на странско друштво,*
  *Дипломатско и конзуларно претставништво), кој вработува работници, врз основа на договор за вработување.*

### *1.2. Обезбедување на потребата од практиканти*

Согласно член 4 од ЗП, потребата од практикант, работодавачот ја обезбедува:

- **По пат на ЈАВЕН ОГЛАС**, објавен на својата интернет страница и/или на интернет страницата на Агенцијата за вработување на РМ – АВРМ;
- **Друг ЈАВЕН МЕДИУМ,** којшто содржи информации за условите за практиканската работа.

Со примената на Законот **се забранува** секоја дискриминација врз основа на: ***раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.***

**ОГЛАС**
**ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА**
**БРОЈ НА ОГЛАС**_______________________
***По датоци за работодавачот***
**Назив**_______________________
Единствен матичен број на субјектот и реден број на деловната единица_______________________
***Податоци за огласувањето***
Датум на огласување_______________________
***Начин на огласување (заокружување)***
1. На сопствена веб страна
2. На веб страната на АВ РСМ
3. Дневен печат
4. Други медиуми

Рок на важност на огласот
***(број на денови)***_____________________________________
Број на потребни практиканти__________________________
Времетраење на практикантската работа
(***број на месеци***) _____________________________________

### *1.3. Времетраење на практикантската работа*

Согласно член 6 од ЗП, Минимален период на траење на практикантска работа кај еден работодавач ***е ЕДЕН месец, а Максималниот период ШЕСТ месеци.***

Едно лице **може да обавува** практикантска работа кај ист работодавач, **само еднаш**.

***Договорот за практикантство може да се склучи за полно работно време или за пократок период од полното работно време.***

### *1.4. Бројот на практиканти*

Согласно член 7 од ЗП, максималниот број на практиканти кои можат да реализираат практикантска работа кај еден работодавач во исто време**, се определува според бројот на вработени на неопределено време**, на денот на пријавување на практикантот кај работодавачот и тоа:

- **од 1 до 5 вработени – 1 практикант;**
- **од 6 до 10 вработени – до 2 практиканта;**
- **од 11 до 50 вработени – до 4 практиканти;**
- **од 51 до 150 вработени – до 8 практиканти;**
- **од 151 до 250 вработени – до 15 практиканти;**
- **од 251 до 500 вработени – до 30 практиканти и**
- **над 500 вработени – до 50 практиканти.**

Бројот на ангажирани практиканти од страна на еден работодавач, во кој било момент, ***не смее да го надмине максималниот број, кој е определен врз основа на бројот на вработени на неопределено време*** кај работодавачот.

Агенцијата за вработување на Република Македонија еднаш месечно доставува податоци до Државниот инспекторат за труд, за работодавачите кои имаат пријавено практиканти.

*1.5. Надоместок за практикантска работа*

Согласно член 8 од ЗП, практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот **има право на *МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок **се утврдува во НЕТО ИЗНОС за полно работно време** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

- **од 42% до 74% од МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, *за практикантската работа ДО* ТРИ месеци; и**
- **Во висина на МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА *утврдена согласно со Закон, за практикантската работа НАД ТРИ месеци***, сметано од четвртиот месец.

Доколку практикантската работа, согласно Договорот за практикантска работа, се реализира **во период пократок од полното работно време,** надоместокот за практикантска работа ќе се пресметува **пропорционално** на времетраењето на практикантската работа, во случај на отсуство од работа по било кој основ, освен:

- ✓ **Одмор за време на работа и**
- ✓ **Празници утврдени со закон,** надоместоокот ќе се исплаќа пропорционално на времето поминато на практикантска работа, а работодавачот е должен да го исплати најдоцна ***до 15-ти во тековниот месец, за претходниот месец.***

*1.6. Пресметка на надомест и придонеси за лицата ангажирани како практиканти*

**1.6.1. Оданочување на надоместокот за практикантство**

Согласно член 15 точка 17 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/18; 275/19; 290/20; 85/21), **надоместокот кој се исплаќа на практикантот за практикантската работа, преставува доход од работа.**

**Надоместокот за практикантска работа се оданочува со пресметковна стапка од 11,1111%.**

### 1.6.2. Основица за пресметка на надоместокот за практикантство

Согласно член 16 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, даночна **ОСНОВА** за пресметување на данокот на доход претставува **износот на надоместокот за практикантска работа, НАМАЛЕН** ***за придонесот врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест*** **(4%)** и ***дополнителниот придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа*** **(0,5%).**

### 1.6.3. Обврзник за пресметка на придонеси за надоместокот на практиканти

Согласно член 8 точка 1-а и член 11 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08…247/18), лицето на практикантска работа **е ОБВРЗНИК за плаќање на:**

- **Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или прифесионална болест од 4% и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5%.**

**НАПОМЕНА: Обврската за пресметка и уплата на придонеси е на работодавачот, кој ангажира практикант.**

Согласно член 14 став 1 точка 14 алинеа 7 од Законот за придонеси, **ОСНОВИЦА** за пресметка на придонесите за практикантот ***е 50% од просечно исплатената месечна нето плата по работник*** во Републиката, објавена во јануари во тековната година, според ДЗС и за 2022 година и изнесува:

**21.755 денари (43.509 x 50% = 21.755).**

Стапката за пресметување на овој придонес изнесува **4% од основицата**. Според тоа придонесот за инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда, изнесува:

**21.755 x 4% = 870 денари.**

Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во висина **од 0,5% изнесува:**

**21.755 x 0,5% = 108 денари.**

Придонесот се плаќа со пополнување на образецот МПИН при што обврзникот за пресметка и уплата на придонесот **е должен податоците да ги достави до УЈП, најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец, на следната уплатна сметка:**

***843–(општина) 149 приходна 712113; подпрограма 00.***

Рокот за уплата на придонесот е денот на исплата на надоместокот, а доколку надоместокот не е исплатен, рокот на доспеаност за плаќање на придонесите е 15-ти во тековниот за претходниот месец.

Согласно член 22 од Законот за придонеси, работодавачот е должен на практикантот **да му достави заверена писмена пресметка** за пресметаните и уплатени придонеси најдоцна 15 дена од исплатата на надоместокот, како и збирен извештај по истекот на годината, најдоцна **до 15 февруари наредната година.**

### 1.6.4. Пресметка на данок на личен доход и придонеси за практикантско работење

**ПРИМЕР 1.** Друштвото "ДОРА" ангажирало лице со Договор за практиканство за период **до 3 месеци** за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместок **изнесува 7.560,00 денари (42% од Минималната нето плата, утврдена со Закон во висина од 18.000,00 денари).**

**(18.000,00 x 42% = 7.560,00 денари).**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1.Нето месечен надомест за практиканти | 7.560,00 |
| **2. Данок на личен доход (7.560 x 11,1111%)** | **840,00** |
| 3. Нето со данок (1 + 2) | 8.400,00 |
| 4. Коефициент (1 – (0,04 + 0,005)) | 0,955 |
| 5. Бруто I (8.400 : 0,955) | 7.796,00 |
| 6. Придонес за инвалидност и телесно оштетување (8.796 x 4%) | 352,00 |
| 7. Доплата на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест до најниска основица (21.755 x 4% = 870 - 352) | 471,00 |
| 8. Дополнително здравствено осигурување (8.400 x 0,5%) | 37,00 |
| 9. Доплата на придонес за дополнително здравствено осигурување до најниска основица (21.755 x 0,5% = 109 - 44) | 65,00 |
| **10. Вкупно придонеси (6 + 7 +8 +9)** | **932,00** |
| 11 Бруто надомест (1 + 2 +10) | 9.332,00 |

**ПРИМЕР 2.** Друштвото **"ДОРА"** ангажирало лице со Договор со практикантство за период **НАД 3 месеци** за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместокт **изнесува 18.000,00 еднакво на Минималната нето плата, утврдена со закон во висина од 18.000,00 денари).**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето надомест | 18.000,00 |
| **2. Данок на личен доход (18.000 x 11,1111%)** | **2.000,00** |
| 3. Нето со данок (1 + 2) | 20.000,00 |
| 4. Коефициент (1 – (0,04 + 0,005) | 0,955 |
| 5. Бруто I (20.000 : 0,955) | 20.942,00 |
| 6. Придонес за инвалидност и телесно оштетување (20.942 x 4%) | 838,00 |
| 7. Доплата на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест до најниска основица | 0,00 |

| | |
|---|---|
| 8. Дополнително здравствено осигурување (20.942 x 0,5%) | 105,00 |
| 9. Доплата на придонес за дополнително здравствено осигурување до најниска основица | 0,00 |
| **10. Вкупно придонеси (6+ 7 +8 +9)** | **943,00** |
| 11. Бруто надомест (1 +2 + 10) | 20.943,00 |

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 449 - Надомест за практиканти | 20.943,00 | |
| 259 - Нето надомест на практиканти | | 18.000,00 |
| 235 - Данок на личен доход за надомест на практиканти | | 2.000,00 |
| 2390 - Придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест | | 838,00 |
| 2391 - Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионална болест | | 105,00 |

***(исплатен надомест за практикантство).***

### 1.6.5. Начин на пополнување на МПИН пресметката од страна на работодавачот за практикантска работа со полно работно време

При пополнување на пресметката за практикантска работа, потребно е да се преземете новата верзија: http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/81

**НАПОМЕНА: При дополнување на МПИН пресметката работодавачот изготвува пресметка посебна од редовната пресметка на плата, која ја поднесува за своите вработени.**

Пополнувањето на МПИН пресметката од страна на работодавач, за лица на практикантска работа, се поднесува на следниот начин:

**Во поле 1.3. ВИД НА ОБВРСКА** се пополнува **шифрата 399;**

**Во поле 1.4. ВИД НА ОБВРЗНИК** се пополнува шифра **110/111/112** во зависност од видот на обврзник, правно лице или самовработено лице.

***НАПОМЕНА: Износот на плата во вкупен износ треба да биде еднаков на износот за нето плата, односно бруто еднакво на нето.***

**Во поле 3.15** се внесува **ПРИДОНЕС за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа** или професионална болест **по стапка од 4%,**

**Во поле 3.16** се внесува **ДОПЛАТА НА ПРИДОНЕС** до најниска основица

**Во поле 3.42** се внесува **ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРИДОНЕС** за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување **по стапка од 0,5%;**

**Во поле 3.43** се внесува **ДОПЛАТА НА ПРИДОНЕС** за задолжително здравствено осигурување до најниска основица и

**Во поле 3.46** се внесува **ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД**

**Во поле 3.17** потребно е да се внесе **шифрата за вид на стаж 2222- лице практикант.**

Доколку практикантот **не работи цел месец** во тој случај се пополнуваат календарски денови и часови согласно деновите и часовите поминати на практиканска работа, **како и полињата 3.27 или 3.28 и полето 3.29**

Доколку во месецот имате поднесена и исплатена МПИН пресметка **со вид на обврзник (110, 111, 112)** и **вид на обврска 399** и **имате потреба од корекција на податоците во наведената пресметка,** во тој случај исправката на податоците се врши со поднесување на пресметка **со користење на шифра за вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 393.**

## ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРЕСМЕТКА (Пример 3)

*ДЕЛ 1*

| | |
|---|---|
| Поле 1.1 - Месец за кој се пресметува | 04 |
| Поле 1.2 - Година за која се пресметува | 2022 |
| **Поле 1.3 – Вид на обврска.** | **399** |
| Поле 1.4 - Вид на обврзник за пресметка и уплата на придонеси | 110 |
| ***МЕСЕЧНА ПРОСЕЧНА ПЛАТА*** | ***41.141*** |
| Поле 1.5 - Број на вработени | 1 |

*ДЕЛ 2*

Се внесува податоци за правниот субјект кој е обврзник за пресметување и уплата на придонеси и данок на личен доход, како даночен број, матичен број, назив, адреса, телефон, шифра на општина, емаил адреса.

*ДЕЛ 3*

**Во поле 3.0 до поле 3.4-ц** се пополнуваат податоци за осигуреникот и тоа: ЕМБГ, Презиме, Име и Број на деловна единица, Ознака на подрачната единица за издавање на потврди за платен придонес за здравствено осигурување, Ознака на општината на обврзникот за плаќање на придонеси и данок;

| | |
|---|---|
| Поле 3.4 – Број на деловна единица | 001 |
| **Поле 3.4б – Ознака на подрачна единица за издавање на потврда за платен придонес за здравствено осигурување Скопје** | **4061** |
| Поле 3.5 - Траење на стаж во денови | 30 |
| Поле 3.6 - Ефективна работа - часови. | 184 |
| **Поле 3.7 – Износ за ефективна работа** | **18.000** |
| **Поле 3.14 – Основица за пресметување на придонес бруто-плата во вкупен износ** | **18.000** |
| Поле 3.15 - Придонес за инвалидност и Телесно оштетување | 838 |
| Поле 3.16 - Доплата на придонес до најниска основица | 0 |
| Поле 3.42 - Дополнителен придонес за здравствено осигурување | 105 |
| Поле 3.43 - Доплата на придонес до најниска основица | 0 |
| Поле 3.46 - Данок на доход | 2.000 |

| | |
|---|---|
| **Поле 3.17 – Шифра за вид на стаж на осигурување** | **2222** |
| Поле 3.27 – Дата на засновање на работен однос | 1 |
| Поле 3.29 – Шифра за промена на засновање/престанок на работен однос | 1 |
| Поле 3.30 – Број на пријава/одјава социјално осигурување | 1 |
| Поле 3.13 – Нето плата | 18.000 |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата. | 18.000 |
| Поле 3.32 – Број на трансакциска сметка | x |

### *1.10. Начин на пополнување на МПИН пресметка од страна на работодавачот за практиканска работа со неполно работно време*

Согласно одредбите на Законот за практиканство, работодавачот може да склучи Договор за практикантска работа на полно или неполно работно време, во зависност од потребата и волјата на договорените страни.

**НАПОМЕНА: Доколку практикантот** ***не работи цел месец,*** **во тој случај се пополнуваат календарски денови и часови, согласно деновите и часовите поминати на практиканска работа, како и полињата 3.27 или 3.28 и полето 3.29;**

За пополнување на МПИН пресметката од страна на работодавачот за лице на практиканска работа со неполно работно **време**, во поле **3.17** се внесува **ШИФРАТА ЗА ВИД НА СТАЖ** 666 - **Лице практиканат со неполно работно време.**

**ПРИМЕР 1.** Друштвото **"ДОРА**" ангажирало лице со Договор со практиканство за период **над 3 месеци** за полно работно време **за 18 работни дена (144 работни часа).**

Договорениот месечен нето надоместок кој ке му биде исплатен за месец **АПРИЛ/2022 година**, **изнесува 13.320,00 денари односно (74% од 18.000 денари).**

Бидејки лицето не е ангажирано цел месец, **најниската основица за придонеси во бруто износ не е 21.755,00 денари,** туку истата ке изнесува:

**17.026 денари (21.755 : 184 x 144)**.

## *2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИЧНА РАБОТА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Практиканската обука на ученици и студенти не е во вистинска смисла практиканство, туку оспособување за работа преку примена во пракса на стекнато знење во образовниот процес.

Правото за извршување на практична работа на ученици и студенти е регулирано согласно Законот за стручно образование и обука, ("Службен весник на РМ" 71/06; 145/15), Законот за високо образование ("Службен весник на РМ" 71/06 ... 55/16), Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/18; 247/19, 275/19, 290/20, 85/21) и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти ("Службен весник на РМ" 120/10).

Со Законот за стручно образование и обука, (***во продолжение Законот***), се уредуваат организирањето, структурата и управувањето на системот на стручно образование и обука, додека пак со Законот за високо образование се уредуваат автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање и престанок на високо-образовните установи, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високо-образовната дејност.

И учениците и студентите покрај редовната настава во одреден период од годината, според потребите на работодавачите или другите институции, можат да извршуваат практична настава која соодејствувуа со нивниот степен на образование.

### *2.1. Практична настава на ученици*

Согласно член 3 од Законот, стручно образование и обука опфаќа:

- **Средно стручно образование и обука**, кое е дел од средното образование кое овозможува иницијално стекнување со прво, второ или трето ниво на стручни квалификации и
- **Постсредно стручно образование и обука** кое е дел од системот на образованието кое овозможува на лица кои се стекнале со средно образование да се стекнат со четврто ниво на стручни квалификации.

*2.2. Цели и задачи на стручното образование и обука*

**Согласно член 4 од Законот,** цел на стручното образование и обука е оспособување за работа, односно за продолжување на образованието, додека пак задачи на стручното образование и обука се:

- **Да обезбеди квалитетно стручно и општо образование** во согласност со современото ниво на науката, технологијата и културата, да создаде услови за стекнување и надградување на соодветни нивоа на стручни квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот,
- **Да поттикнува интерес** за стручното образование и обука,
- **Да развива компетенции, знаења и вештини** неопходни за стручните активности на лицето, како и за самовработување во рамките на општеството засновано врз пазарните и демократските принципи и
- **Да обезбедува основи** за доживотно учење.

**Системот на стручното образование и обука го вршат:**

- **Установите за стручно образование и обука, во кои влегуваат**: училиштата за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно - теоретско образование и практична обука и Центрите за стручна работа во кои се реализира стручно теоретско образование и практична обука.
- **Работодавачите**, односно трговските друштва, установите и занаетчиите, кај кои се изведува практична обука на ученици според тековните услови на нивната активност, при што обуката не претставува нивна претежна дејност и
- **Социјалните партнери,** во кои влегуваат здруженијата кои ги претставуваат интересите на работниците и работодавачите кои во соработка со органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа го реализираат системот на стручно образование и обука.

### *2.3. Права и обврски на установите за стручно образование и обука*

**Согласно член 14 од Законот, установата за стручно образование и обука има право:**

- да организира и остварува стручно образование и обука според одредбите на Законот,
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми и
- да може да се вклучува во комерцијални и економски активности, а финансиските средства стекнати од овие активности, да се користат за подобрување на условите за работа во установата.

**Установата за стручно образование и обука има обврска:**

- да обезбеди безбедни работни услови во рамките на процесот на образованието и обуката,
- да ги исполнува обврските од договорите за обука,
- да ги доставува договорите за обука до коморите,
- да врши увид во реализацијата на договорите за обука и
- да им обезбеди на работодавачите навремени информации за тековните измени во наставните планови и програми.

### *2.4. Права и обврски на работодавачите вклучени во практичната обука*

Согласно член 15 од Законот, работодавачот има право:

- да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања пропишани со закон и
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми.

**Работодавачот има обврска:**

- да ги постигнува целите за практична обука од наставните програми согласно со предвидениот фонд на часови,
- да склучи договор со установата за стручно образо-вание и обука и со ученикот за реализација на прак-тичната обука,

- да обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот и
- да обезбеди заштита при работа согласно со закон.

### *2.5. Права и обврски на учениците во стручното образование и обука*

Согласно член 22 од Законот, учениците **имаат право:**

- да се префрлат од еден вид во друг вид на стручно образование и обука, односно од едно во друго ниво на стручни квалификации,
- за време на обуката да добиваат **надоместок за работата кај работодавачот утврден во договорот,**
- **да користат летен и зимски одмор и**
- да го раскинат договорот според условите утврдени во договорот.

**Учениците имаат обврска:**

- на интерно и екстерно проверување на напредокот и постигнувањето на успехот,
- редовно да ја посетуваат практичната обука и да ги исполнуваат работните обврски утврдени во договорот,
- за време на обуката да ги следат упатствата за работа на работодавачот и училиштето за време на практичната обука,
- да ја чуваат службената тајна на работодавачот,
- да ги почитуваат правилата за заштита при работа и
- да ги исполнуваат и другите обврски наведени во договорот.

Другите права и обврски на учениците се пропишани со Законот за средното образование и со други прописи.

**Стручното образование и обука содржи:**

- **Општо образование,**
- **Стручно теоретско образование и**
- **Практична обука.**

### *2.6. Практична настава на студенти*

Согласно член 99 став 11 од Законот за високо образование ("Службен весник на РМ" 35/08…10/15; 20/15; 98/15; 154/15) и Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студенти ("Службен весник на РМ" 120/10), практичната **настава не може да трае помалку од еден, ниту повеќе од осум часа во денот.**

Од страна на високообразовната институција, се обезбедуваат услови во соработка со соодветни субјекти за изведување на практичната настава.

Во текот на реализацијата на практичната настава, студентот треба да е под надзор на ментор од високообразовната установа, кој одговара за успешно реализирање на прак-тичната настава.

**Студентот за време на реализацијата на практичната настава, води дневник за секојдневните активности**.

Пред почетокот на практичната настава од страна на висообразовната институција се известува студентот и му се издава документ-потврда за негово упатување до организацијата - установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од деканот/директорот.

По завршувањето на практичната настава, студентот ја враќа потврдата на единицата на високообразовната установа, заверена од организација-установата.

Високообразовните установи, ќе извршат изменување и дополнување на постојните студиски или предметни програми, во кои што ќе се определи обемот и времетраењето на практичната настава, која не може да биде пократка од 30 дена, како и начинот на нејзината реализација.

### *2.7. Придонеси и даночен третман на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РСМ“ 142/08 ... 247/18***)***, задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинети со повреда на работа или професионална болест, опфатени се и

учениците и студентите кога вршат практична работа за време на школувањето, односно студирањето.

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%,*** согласно член 13 став 1 точка 9, ***ОБВРЗНИК ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОВИЕ ЛИЦА Е УСТАНОВАТА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО.***

Со одредбите од член 12 од Законот за данок на личен доход („Службен весник на РСМ“ 241/18; 247/19; 290/20; 85/21), утврдено е дека данок на личен доход **не се плаќа** на надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина најмногу **до 8.000 денари месечно** (член 12 став 1 точка 14).

### *2.8. Пресметка на надоместокот на практична обука на ученици и студенти*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

- **Надоместок за Практична обука на ученици и практична настава на студент, во висина најмногу до 8.000 денари месечно:**

> ***НАПОМЕНА: Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, <u>над 8.000 денари</u> се пресметува и плаќа Данок на доход во висина од 11,1111%.***

**ПРИМЕР:** *Друштвото "НН" во месец Јули /2021 година, за сопствените потреби ангажирало ученик на практична обука согласно со наставните програм за задолжителна практична обука. Работодавачот на ученикот кој ги исполнува работните обврски утврдени во Договорот, треба да му исплати надоместок од* ***8.000,00 денари месечно.***

***Согласно Договорот за обука на ученици и студенти за месец АПРИЛ/2022 година, на ученикот му е исплатено:***

| | |
|---|---|
| **Надомест на практична обука** | **8.000,00** |
| **Придонес за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професинална болест (21.755,00 x 4% = 823,00 денари)** | **870,00** |
| **Вкупно трошоци** | **8.870,00** |

> ***НАПОМЕНА: Доколку договорот за волонтерство е склучен на поголем износ од пропишаниот износ од 8.000,00 денари, на разликата се плаќа Данок на личен доход.***

Вишокот исплатен износ заедно со Данокот на доход се додава во Даночниот биланс како Даночно непризнат расход.

Вкупните трошоци на јавната здравствена установа за надоместок **за практикантска работа од 8.000,00 денари** и придонесот за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професионална болест од **870,00 денари** за ангажирање на лицето за практична обука изнесуваат: **8.870,00 денари.**

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 449 - Останати трошоци на работењето | | |
| надомест за практична обука | 8.870,00 | |
| 2390 - Придонес за инвалидност | | 870,00 |
| 259 - Нето надомест за практикант | | 8.000,00 |

***- (Надомест за практична обука на ученици и студенти)***.

> ***НАПОМЕНА: За исплатените 8.000,00 денари, на учениците по основ на надоместок за практична работа, Друштвото нема обврска да пресмета и плати данок на доход.***

### *2.9 Пополнување на МПИН Пријавата за лица ангажирани за практична работа*

Образецот МПИН се **пополнува посебно за вработените, посебно за лицата** *ангажирани за практична работа*

Во МПИН пријавата за пресметка и уплата на придонесите за ***ангажирани за практична работа:***

| **Поле – 3.0 до поле 3.4** | | **Податоци за осигуреник** |
|---|---|---|
| Поле - 1.3 | Вид на обврска | 222 |
| Поле - 1.4 | Вид на обврзник | 110 |
| Поле - 3.5 | Траење на стаж во денови | 31 |
| Поле - 3.6 | Ефективна работа - часови | 184 |
| **Поле - 3.7** | **Износ на ефективна работа** | **8.000** |
| Поле - 3.14 | Основица за придонеси | 21.755 |
| Поле - 3.15 | Придонес за инвалидност и телесно оштетување | 870 |
| **Поле - 3.17** | **Шифра за вид на осигурување** | **222** |
| Поле - 3.30 | Број на пријава/одјава задолжително социјално осигурување | |
| Поле - 3.13 | Нето плата | 8.000 |
| **Поле - 3.31** | **Нето плата по задршка** | **8.000** |
| Поле - 3.32 | Број на трансакциска сметка | / |

## ДОГОВОР ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА

***Склучен на ден _____ 2022 година, помеѓу:***

1. Правното лице __________________________со седиште во _______________ (адреса) застапувано од __________________________________ (име и презиме), како обезбедувач на практиканска работа и

2. Лицето ___________________ , со адреса на живеење ____________________ , ЕМБГ ________________, како корисник на практикантска работа - Практикант),

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обрски кои произлегуваат помеѓу Практикантот и Обезбедувачот и опис на ативностите, кои се непосредно поврзани за стекнување на практично искуство и евиденцијата на практикантската работа.

**Член 2**

Под практикантска работа се подразбира остварување на организиран процес на придобивање стручни и практични знаења, непосредно или посредно поврзани со образовниот процес или стекнатото знање на дипломираните средношколци или студенти, во реална работна средина под водство на ментори.

Менторите се искусни и квалификувани професионалци, именувани од страна на Обезбедувачот на практикантската работа.

Менторот има обврска на практикантот несебично да му го пренесува своето знаење и да му обезбеди вовед во работната средина, организациска поставеност, како и да го запознае Практикантот со правилата и процесите во компа-нијата.

**Член 3**

Практикантската работа ќе се извршува со времетраење од 20 работни денови до максимални 6 месеци од денот на потпишувањето на овој договор од __________ до _________.

**Член 4**

Со овој Договор не се ограничува можноста да се остварува практикантската работа на доброволна основа, без надоместок, односно Обезбедувачот не е должен да му исплаќа на Практикантот придонеси од плата и други надоместоци за време на траење на практикантската работа.

**Член 5**

Практикант е физичко лице кое прима вештини и знаења за сопствена корист, но во полза на негово стручно доусовршување, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

**Член 6**

Организаторот на практикантската работа не смее практикантот да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

**Член 7**

**Практикантот има право:**

- во писмена форма да го добие описот на правата и обврските кои треба да ги исполни и да биде запознаен со условите и опасностите поврзани за време на практицирањето, пред започнување на остварувањето на прак-

тичната работа или обуката за вработување што би се извршувала на самото работно место;

- да биде запознаен со општите акти на обезбедувачот на практикантската работа, односно на оние делови кои се однесуваат на работните задачи и обврски , за кои е ангажиран;
- да користи средства за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;
- на обука, доколку истата е потребна за квалитетно извршување на практикантското работење;
- на отсуство за време на практицирањето, ако за тоа постојат оправдани причини;
- на дневен одмор;
- да биде консултиран и информиран при одлучување за начинот практицирањето;
- доколку е претходно договорено со Обезбедувачот, практикантот има право да му се плаќа надомест, поврзан со практикантската работа (надомест во висина на хранарина и превоз на ниво на компанијата, трошоци за службени патувања и трошоци за обука)
- на заштита на приватноста и личните податоци.

**Член 8**

**Практикантот е должен да:**

- го извести обезбедувачот на практикантската работат за болеста или други причини за неможноста за остварување на практикантското работење;
- да ги почитува позитивните законски прописи, договорот за практикантска работа и општите акти на обезбедувачот на практикантска работата со кои претходно е запознаен;
- ги остварува задачите и обврските кои произлегуваат од практикантското работење лично и непосредно;
- учествува во обука, со цел да се обезбеди квалитетна дообразба за олеснување на процесот на евентуално идно вработување;
- Практикантот е должен да ги чува како тајна сите информации и податоци кои ќе ги дознае во текот на практикантската работа и по завршување на истата;

- го извести обезбедувачот на практикантската работа за штетни последици за кои е запознаен кои можат да настанат за организаторот и за самиот себе или за трети лица.

**Член 9**

Практикантот кој за време на вршењето на практикантска работа намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета кај обезбедувачот на практикантската работа, должен е да му ја надомести штетатата на обезбедувачот на практикантската работа, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Обезбедувачот на практикантската работа е должен да му ја надомести евентуалната штета која поради објективни околности ја претрпел практикатот за време или во врска со вршењето на практикантскта работа, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Практикантот кој за време или во врска со вршењето практикантска работа ќе предизвика штета кај трети лица, должен е да ја надомести согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 10**

**Обезбедувачот на практикантската работа е должен да:**

- обезбеди услови за вршење на практикантската работа согласно со овој договор, начелата, принципите и методологијата којашто произлегува од Националната програма за практикантска работа и вработување;
- му наложи на менторот, согласно утврдената методологија, континуирано да се грижи за практикантите и нивните активности и соодветно да ги насочува, поттикнува и евалуира;
- обезбеди материјали и средства за вршење на практикатската работа;
- обезбеди навремена исплата на однапред договорените трошоци (доколку се договорени);
- обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста;
- обезбеди други услови за кои меѓусебно тие се договориле.

По завршување на практикантската работа на практикантот ќе му се издаде потврда за извршената практикантска работа која ги содржи работните задачи и активности кои ги извршувал практикантот и евалуациона листа, која понатаму ќе му послужи за идно вработување (наведено во анекс 1 од овој договор).

**Член 11**

Практикантот се ангажира на местото ____________ со следните работни задачи и обврски : _____________________

**Член 12**

**Договорот за практикантска работа престанува:**

- со истекот на временскиот рок за кој е склучен договорот или ако се исполнети условите за кои истиот е склучен;
- со спогодбено раскинување;
- кога организаторот на практикантска работа престанува да работи без правен наследник.

Праткантот може да го раскине договорот пред да истече времето за кое е склучен, со писмена изјава без обврска да ја наведе причината за раскинување на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да предизвика штетни последици во работењето на обезбедувачот на практикантската работа или на трети лица.

**Обезбедувачот на практикантската работа, може да го раскине договорот за практикантска работа:**

- со престанување на можностите за спроведување практикантска работа;
- кога не е во можност да ги обезбеди условите за практицирање;
- кога ќе констатира дека практикантот не ги исполнува договорените обврски и
- во случај на кршење на етичките норми, донесени за одделни облици на исполнување на практикантското работење.
- Договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот да ја достави до другата договорна страна во рок од триесет дена пред да го раскине договорот.

**Член 13**

Измени на овој договор ќе се вршат со склучување на Анекс на договор, потпишан од двете договорни страни.

**Член 14**

Сите спорови настанати по овој Договор ќе се решаваат во духот на добрите деловни односи помеѓу страните на договорот, а ако тоа не е можно тогаш надлежен е основниот суд Скопје 1 во Скопје.

**Член 15**

Договорот е склучен во 3 идентични примероци од кои по еден добиваат двете страни, а еден се доставува до содветен државен орган / Агенцијата а вработување / Трудовата инспекција / по нивно барање како доказ за заштита на законитоста на овој вид облигациони односи, кои спаѓаат во трудовата област.

**Договорни страни :**

| **Обезбедувач** | **Практикант** |
|---|---|
| ____________________ | ____________________ |

Место _______, датум_____________

### *3. РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ПРАКТИКАНСТВО И ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Практичната обука на студенти не треба да се подведува под практикантството предвидено со Законот за практиканство, туку тоа е посебен вид стручна обука за време на учење и студирање.

**Разликата се однесува на следните одредби од Законот:**

- Законот за практикантство се однесува на невработени лица, (**кои работодавачот има обврска да ги пријави/одјави во АВРСМ**), а практичната обука на ученици и студенти се однесува на редовни ученици и студенти, кои не се евидентирани како невработени лица;

- Надоместокот за практиканство согласно Законот за практикантство, се оданочува со данок на личен доход како доход од работа, додека надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина **најмногу до 8.000 денари** месечно е ослободен од оданочување согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход;
- **Надоместокот за практиканство согласно Законот за практиканство** се пресметува придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест **(4%)** и дополнителниот придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа **(0,5%)** и овој придонес го пресметува и плаќа друштвото кај кое се одвива практикантската работа;
- **На надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти** се плаќа придонес врз основа на телесно оштетување, причинето со повреда на работа и професионална болест и овој придонес **го плаќа Установата од областа на образованието на ученици и студенти,** согласно член 8 став 1 точка 1 и член 13 став 1 точка 13 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

### *3.1. Разлика помеѓу практикант и ученици и студенти на практична обука*

| ОПИС | ПРАКТИКАНТИ | УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ |
|---|---|---|
| Законски пропис | **Закон за практикантство** | **Закон за стручно образование и обука** |
| Статус | **Невработено лице** | **Невработено лице** |
| Услов | **Физичко лице:**<br>Не во работен однос;<br>Не е постар од 34 г.<br>Завршено најмалку средно образование | **Ученик, студент** |
| Образование | **Завршено** | **Во тек** |
| Пракса/Обука | **Подобрување на квалификации за побрзо и поуспешно вработување** | **Дел од образовниот процес услов за полагање испит** |

| | | |
|---|---|---|
| Склучување на Договор | **Договор за практиканство меѓу работодавач и практикант** | **Договор за обука меѓу работодавач, лицето и образовната институиција** |
| Надомест за извршена работа | **Во висина од:**<br>*** 42% до 74% од Минимална нето плата до 3 месеци,**<br>*** Минимална нето плата од 4 тиот месец** | **Износ определен во договорот** |
| Број на ангажирани лица | **До 5 вработени-1 практикант**<br>**До 10 вработени 2 пратиканти**<br>**До 50 вработени 4 практикани**<br>**До 150 вработени 8 практиканти**<br>**До 250 вработ. 15 практиканти**<br>**До 500 вработ. 60 практиканти** | **Неограничено** |
| Обврски кон Институции | **Оглас за преактиканти и пријава/одјава во АВРМ** | **Достава на Договорот со Образовната институција** |
| Даночен третман на надоместокот | **Данок на личен доход** | **Ослободен од данок на личен доход до 8.000 денари** |
| **ПРИДОНЕСИ:**<br>Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со поврда од работа | **Во висина од 4% од основицата која изнесува 50% од просечната плата по работник во РМ, Објавена во месец јануари во тековната година (се плаќа преку МПИН)** | **Во висина од 4% од основицата која изнесува 50% од просечната плата по работник во РМ Објавена во месец јануари во тековната година (се плаќа преку МПИН)** |
| Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа | **Во висина од 0,5% од ос-новицата која изнесува 50% од просечната плата по работник во РМ, Објавена во месец Јануари во тековната година (се плаќа преку МПИН)** | **Не се плаќа** |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

М-р. Христина Игнатоска

## РАБОТЕН ОДНОС СО ЛИЦЕ ПОМЛАДО ОД 18 ГОДИНИ (МЛАДО ЛИЦЕ)

***Работен однос се заснова со договор за работа склучен помеѓу работодавачот и работникот кој наполнил 15 години возраст. Лицата кои се помлади од 18 години, имаат посебни права од работен однос, како право на пократко работно време, право на подолг годишен одмор, забрана за вршење на одредени тешки работи и друго.***

### *ВОВЕД*

Работниот однос помеѓу работникот и работодавачот се заснова со потпишување на договорот за вработување.

Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работникот на работа, договорени во договорот за вработување.

За заснованиот работен однос, работодавачот е должен да поднесе пријава **(Образец М1**) за работникот во задолжително социјално осигурување **(пензиско и инвалидско и здравствено осигурување во случај на невработеност**), во согласност со посебните прописи, во АВРМ, пред работникот да стапи на работа.

Заверена фотокопија од пријавата или извод од компјутерски запис од информацискиот систем на Агенцијата му се врачува на работникот во рок од три дена од денот на стапувањето на работа.

Заснованиот работен однос може да се пријави и електронски со поднесување на **Пријава М**1 преку електронскиот систем е-работа на веб страницата на Агенцијата за вработување на РМ: www.avrm.gov.mk.

Ако датумот на стапување на работа не е определен во договорот за вработување, како датум на стапување на работа се смета датумот на потпишувањето на договорот за вработување.

Работникот не може да стапи на работа пред да се склучи договор за вработување и пред работодавачот да го пријави во задолжително социјално осигурување.

Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работа, исто така, и во случај ако на тој ден работникот од оправдани причини нема да започне да работи.

Договорот за вработување се склучува во писмена форма во најмалку два примерока од кои еден е за работодавачот и се чува во работните простории во седиштето на работодавачот, а другиот примерок му се врачува на работникот, на денот на потпишување на договорот.

Договор за вработување по правило се склучува со лице кое навршило 18 годишна возраст, но исто така може да се склучи и со лице помладо од 18 години.

## *1. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО МЛАДО ЛИЦЕ ПОД 18 ГОДИНИ ВОЗРАСТ*

Согласно одредбите од член 18 став 1 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" 62/05...288/21), **договор за вработување може да склучи младо лице под 18 години возраст,** и кое има општа здравствена способност.

Како **младо лице** се смета секое лице, кое може да склучи договор за вработување, **кое има најмалку 15 години** возраст, **а под 18 години возраст** и кое не е опфатено во задолжително образование, за извршување на работи кои не се штетни по неговото здравје и безбедност.

Работодавачот е должен да обезбеди заштита на младите лица од економска експлоатација и од каква било работа која може да има штетно влијание врз нивната безбедност, здравјето, физичкиот, менталниот, моралниот или социјалниот развој или истата може да го загрози нивното образование.

Максималниот број на часови на работно време на младо лице на возраст **под 16 години** е **30 часа неделно** и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи исто-времено.

Максималниот број на часови на работно време на младо лице на возраст **над 16 години** е **37 часа и 45 минути неделно** и во случај кога младото лице работи кај повеќе работодавачи.

Притоа треба да се почитува и да се земе во предвид дека работното време на младо лице, не смее да надмине, **осум часа во период од 24 часа**.

Како работа, се смета и времето кое младото лице го поминува во стручна подготовка, во рамките на теоретската и практична настава, додека пак како учество во обука се смета работа која ја врши младото лице кај работодавачот, за која истиот добива платен надоместок.

Работодавачот не смее да го користи методот на награда со цел за зголемување на обемот на работа, при што би се загрозила безбедноста и здравјето на младото лице.

Според член 120 став (1) точка 5 од ЗРО, **забрането е вршење на работа подолго од полното работно време (прекувремена работа)** за лице помладо од 18 години.

## *2. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СО ЛИЦЕ ПОД 15 ГОДИНИ ВОЗРАСТ*

**Забранета е работа за дете под 15 години возраст или дете кое не завршило задолжително образование**, освен за учество во активности, кои со закон е утврдено дека може да ги извршува, но не подолго од четири часа дневно.

Дете кое е помладо од 15 години може, со плаќање на надоместок, по исклучок да учествува во активности кои по својот обем и карактер не влијаат штетно врз здравјето, безбедноста, развојот и образованието, и тоа: учество во културни и артистички активности, спортски настани и рекламни активности.

Одобрение за вршење на овие работи издава органот на државната управа, надлежен за инспекција на трудот, врз основа на барање на организаторот на наведените активности, по претходна согласност на законскиот застапник на детето и по претходно извршен увид на местото на кое ќе се извршуваат активностите од страна на инспекцијата на трудот.

## *3. ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ КОИ СÉ УШТЕ НЕ НАПОЛНИЛЕ 18 ГОДИНИ ВОЗРАСТ*

Во поглед на заштитата на работниците кои се уште не наполниле 18 години возраст, законот предвидува постоење на забрани за вршење определени работи, го ограничува максималното траење на работното време, ги определува паузите и одморите, и воведува забрана за работа ноќе.

### *3.1. Забрана за вршење на определени работи*

Законот за работни односи, предвидува посебна заштита, за работниците помлади од 18 години.

Според член 173 од ЗРО, на работниците кои сé уште не наполниле 18 години возраст, работодавачот не смее да им наложи да вршат:

- ***Тешки физички работи,***
- ***Работи кои се вршат под земја или под вода,***
- ***Работи со извори на јонизирачки зрачења и***
- ***Други работи кои можат штетно и со зголемена опасност да влијаат на здравјето, односно здравствениот развој, со оглед на нивните психофизички специфичности.***

### *3.2. Работнто време, пауза и одмор*

Младите лица кои засновале работен однос имаат посебни права и во однос на работното време, паузата и одморот, односно:

- ***Работното време на работникот млади лице, не смее да биде подолго од осум часа дневно и 40 часа неделно;***
  - ***Работникот кој работи најмалку четири и пол часа дневно, има право на пауза за време на работното време, во траење од најмалку 30 минути;***
  - ***Право на одмор од 16 последователни часови, во текот на периодот од 24 часа;***
  - ***Право на годишен одмор, зголемен за седум работни дена.***

### *3.3. Забрана за ноќна работа*

Работникот кој сé уште не наполнил 18 години возраст, **не смее да работи ноќе меѓу 22,00 часот и 6,00 часот наредниот ден.**

По исклучок може да се одреди работникот кој сé уште не наполнил 18 години возраст, да работи ноќе во случај на виша сила, кога таквата работа трае определено време и мора веднаш да биде извршена, а полнолетните работници не се на располагање.

Во тој случај мора на работниците кои сé уште не наполниле 18 години возраст, да им биде обезбеден одмор во наредните три дена.

Во наведените случаеви, работодавачот мора да обезбеди надзор од страна на полнолетен работник.

**Глоба во износ од 3.000 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на работодавач – правно лице, ако:

- склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност ***(член 265 став (1) точка 2 од ЗРО),***
- склучи договор за вработување или овозможи работа на млади лица спротивно на членот 18 од ЗРО или ако склучи договор за вработување спротивно на ЗРО, ***(член 265 став (1) точка 3 од ЗРО),***
- на работници кои се уште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди заштита во согласност со законот. ***(член 265 став (1) точка 16 од ЗРО).***

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2022 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2022 година (за даноци и придонеси)* | *43.509,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2022 година, за образец (МПИН)* | *21.755,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плати - (16 x 43.509)* | *696.144,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2022 година* | *8.788,00* |
| *Дневница за службени патувања од 20.05.2022* | *2.424,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2021 година* | *28.718,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година* | *42.887,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2022 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за *2022* година, изнесува:

| |
|---|
| ***43.509,00 денари.*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2022 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 ... 171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2022* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***21.755,00 денари (43.509,00 x 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***<br>***21.755,00 денари;*** |
| *САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*)**<br>***43.509,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***<br>***21.755,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2022 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари).*** |

***3.2. Највисока основица за самовработени лица***

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***522.108,00 денари (12 x 43.509,00 денари)***

***3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2022 година**, изнесува.

***696.144,00 денари (16 x 43.509,00 денари***

***3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***34.807,00 денари (43.509,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.***

### *4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| *ПРИДОНЕСИ* | *Сшай-ка* | *Најнизок износ* | *Највисок износ* |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***МАЈ/2022 година,*** по вработ. | 18,8% | ***4.090,00*** | ***130.875,00*** |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***МАЈ/2022 година***, по вработен | 7,5% | ***1.632,00*** | ***52.210,00*** |
| Придонес за вработување за месец ***МАЈ/2022 година***, по вработен | 1,2% | ***261,00*** | ***8.354,00*** |
| Придонес за професионално заболување за месец ***МАЈ/2022 година,*** по вработен. | 0,5% | ***109,00*** | ***3.48100*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | ***28%*** | ***6.092,00*** | ***194.920,00*** |

### *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на мини-малната плата во Република Македонија:

| ***Р.бр*** | ***Период на важност*** | ***Нето*** | ***Бруто*** | ***Сл. Весник на РСМ*** |
|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | ***01.01.2020 – 31.03.2020*** | ***14.500,00*** | ***21.107,00*** | ***239/2019 Закон*** |
| ***2.*** | ***01.04.2020 – 30.06.2020*** | ***14.500,00*** | ***21.107,00*** | ***88/2020 Уредба*** |
| ***2.*** | ***01.07.2020 – 31.03.2021*** | ***14.934,00*** | ***21.776,00*** | ***75/2020 Објава*** |
| ***3.*** | ***01.04.2021 – 31.03.2022*** | ***15.194,00*** | ***22.146,00*** | ***80/2021 Објава*** |
| ***4.*** | ***01.03.2022 – 28.02.2023*** | ***18.000,00*** | ***26.422,00*** | ***41/2022 Закон*** |

# *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

## *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2022 до 31.12.2022 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21), данокот на личен доход за доход од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

## *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2022*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| ***Период*** | ***2022 годинс*** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.788,00*** |
| ***Годишно*** | ***105.456,00 (8.788 x 12)*** |

# *7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***АПРИЛ/2022*** година во однос на месец ***МАРТ/2021*** година се ***ПОВИСОКИ за (2,2%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***АПРИЛ/2022*** во однос на месец ***МАРТ/2021 година***, изнесува ***(1,10%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***МАЈ/2022*** година, изнесуваат:

***176 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (III), а се однесува за месец МАЈ/2022 година, изнесува:***

***46.430,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр****. 4.1.22.47 од 20.05.2022).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (I-II-III2022 година),*** а се однесува месец ***МАЈ/2022 година изнесува:***

***45.239,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.47 од 20.05.2022).***

## *10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2022 година*

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (III), а се однесува за месец МАЈ/2022 година, изнесува:***

***31.080,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр****. 4.1.22.46 од 20.05.2022).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (I-II-III/2022 година),*** а се однесува месец ***МАЈ/2022 година изнесува:***

***30.299,00 денари,***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.46 од 20.05.2022).***

## *11. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

***11.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(I), а се однесува за месец МАЈ/2022 година*** изнесува:

***31.080,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.46 од 20.04.2022).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 31.080,00 денари:***

***За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***18.648,00 денари***<br>**(60% од основицата )**<br>***(31.080,00 х 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***62.160,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)**<br>***(2 х 31.080,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 62.160,00 денари*** |

| ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО |
|---|
| *18.648,00 денари* |
| *(60% од основицата)* |
| *(31.080 х 60%)* |
| ***Ослободен од Данок на личен доход до 18.648,00 денари.*** |

### *11.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(I-II-III/2022 година),*** а се однесува за месец ***МАЈ/2022 година, изнесува:***

| *30.299,00 денари* |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.22.46 од 20.05.2022).***

Износот ***30.299,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за** ***ПРИВАТНИ правни лица:***

| ***<u>РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР</u>*** |
|---|
| ***Регрес за годишен одмор*** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач): |
| ❖ ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАЈ/2022 година изнесува: 12.120,00 денари во НЕТО износ (30.299,00 х 40%)*** |
| ***<u>Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.</u>*** |
| ***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС*** |
| ***37.144,00 денари (46.430,00 х 80%)*** |
| (***80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)*** |
| ***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

| |
|---|
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** |
| ***60.598,00 денари***<br>***(двократен износ од основицата (2 х 30.299)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 60.598,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |
| ***30.299,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***18.179,00 денари***<br>**60% од основицата – ( 60% од *30.299,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 18.179,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** |
| ***2.424,00 денари***<br>**- 8% од основицата (8% од *30.299,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 2.424,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО*** |
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** |
| ***90.897,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 х 30.299,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 90.897,00 денари.*** |

| ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО |
|---|
| **60.598,00 денари**<br>во висина од ДВЕ основици (2 х 30.299,00 денари)<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 60.598,00 денари.** |
| **ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ** |
| **30.299,00 денари**<br>(во висина на основицата)<br>**Ослободен од Данок на личен доход до 30.299,00 денари.** |
| **КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ** |
| (**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>**Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.** |
| **НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ** |
| (во висина на стварни трошоци)<br>**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |
| **ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2022** |
| **5.744,00 денари**<br>(во висина од *20% од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2021 година *(28.718,00 х 20%)*<br>**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 5.744,00 денари.** |
| **НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ** |
| (поради повреда на работа и професионално заболување)<br>**30.299,00 денари;**<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци<br>**Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%** |

### *12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ*
### *што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...275/19, 77/21), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2022 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2021 година ***(4 x 28.718,00 денари).***

***114.872,00 денари.***

### *13. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2022 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2022 година, изнесува:

***57.992,00 денари.***

### *14. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА*
### *за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец МАЈ/2022 година*** изнесува (***2 x 29.839,00 денари)***

***59.678,00 денари.***

### *15. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК*
### *на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...251/21), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2021 година во РСМ во висина од:***

***21.444,00 денари (50% од 42.887,00 денари).***

## 16. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат ***во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати*** исплатени во претходната 2021 година, на годишно ниво по вработен, кои изнесуваат:

***85.774,00 денари: (2 x 42.887,00).***

## 17. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## 18. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| *Години поминати во работен однос* | *Висина на плата* |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| *Испратнина за 2022* | *Просечна Нето плата по работник во претходниот месец* | *Најнизок износ на испратнина* |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3 (2x50%)** |
| ***ЈАНУАРИ/2022*** | ***29.145,00*** | ***14.573,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2022*** | ***29.130,00*** | ***14.565,00*** |
| ***МАРТ/2022*** | ***29.943,00*** | ***14.972,00*** |
| ***АПРИЛ/2022*** | ***29.980,00*** | ***14.990,00*** |
| ***МАЈ/2022*** | ***29.839,00*** | ***14.919,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

## *19. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок *се утврдува во НЕТО износ за полно работно време* во зависност од време-траењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА*, за практикантска работа *ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ месеци*, сметано од четвртиот месец.**

**Минимална НЕТО плата *18.000,00 денари*.**

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

## *20. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти, во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на сту-денти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%.***

## *21. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *22. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2022 година ("Службен весник на РМ" 287/21), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***
***9.090,00 денари***
***(30% од просечна Месечна Нето плата, и***сплатена во РМ во претходни три месеци**)** ***(30% х 30.299,00)***
***(Ослободен од Данок на личен доход до 9.090,00 денари);***

| |
|---|
